# никола иванов
# балтон





**НИКОЛА ИВАНОВ БАЛТОН**
Роден е во 1948 година во Штип, а починал во 2012 година во Дорјан, Македонија.
Завршил Уметничко училиште во Скопје. Дипломирал сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1984 година. Остварил студиски патувања во Франција.
Имал тринаесет самостојни изложби и голем број групни претставувања во земјава и во странство (Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија, Ерменија, Франција, САД). Бил учесник на многубројни уметнички колонии во земјава и во странство (Турција, Бугарија, САД).

**награди:**
1970 – Прва награда на млади сликари на град Скопје
1984 – Откупна награда на ФАС 11 Октомври
1986 – Откупна награда на МСУ Скопје, Аквизиции VI
– Цетиње, Црна Гора, признание на Ликовниот салон за најуспешно дело
1994, – Награда за сликарство на ДЛУМ – „Лазар Личеноски“
2011 – Награда за животно дело на ДЛУМ – „Нерешки мајстори“



⮌ Ерупција, масло на платно, 100x80

Ерозија,масло на платно, 170x80 ⮎

На насловната страница:
Предел,
масло на платно
100x240

Предел, масло на платно, 240x100





Творештвото на Никола Иванов-Балтон, веќе неколку децении е присутно и доволно ѝ е познато на македонската ликовна сцена и тоа, во одделни сегменти, укажува на некои текови на ликовната мисла кај нас во подрачјата на апстрактниот и асоцијативниот израз. Целокупниот опус (дури и во областа на мозаикот, витражот и др.), без претерување, треба да го следиме како продукт на една отворена, ведра, витална, оптимистички настроена персонална природа која силно го ослушува, го чувствува животот, сите негови битни вибрации и движења. Тој на лесен и непосреден начин сето тоа го приближува како негова автентична, внатрешно креативна нужност преку она со што тој располага - бојата, линијата, структурата, формата, фактурата... Силната експресивна доживеалица од поттици опсервирани и транспонирани во нивната суштинска конзистентност е нескротлив импулс за ефектна, во еден здив решена визуелна оформеност каде што во нејзината изворна форма се задржуваат вознемирувачките треперења на сликарскиот нерв со лирски жаришта. Неговото сликарство е многу вешто синхронизирано единство како спој на лесно и лежерно, знаечко искуство паралелно придружено и диктирано од екстрактните созвучја на сопствениот емоционално чувствително креативен, динамичен и темпераментен склоп. Во експлозивните творби, во чудесна заемна кохезивна врска, нераскинливо егзистираат и снажни, експресивни распрснувачки енергии на ликовното јадро, силна, незадржлива и фуриозно распламтена, возбудливо треперлива игра со милозвучни, суптилни и нежни лирско поетски призвуци.

Гоце Божурски



**ДЛУМ постхумно ја организира изложбата на Никола Иванов Балтон по повод неговиот роденден – 31 јануари**

Одговорен уредник: Тања Балаќ • Биографски податоци: Маријета Сидовски • Фотографии: Филип Иванов
Подготовка и печат: Македонска ризница

Проектот финансиски е поддржан од Печатницата „Македонска ризница" – Куманово

